# Правилник

## за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми

Скопје, ноември, 2022 година

Врз основа на член 43 став 2 точка 7 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021)на предлог на Одборот за акредитација на високото образование, како орган на Агенцијата за квалитет во високото образование, Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност на седницата одржана на 24.11.2022 година, го усвои следниов:

**Правилник**

**за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование.

### Одбор за акредитација

Член 2

(1) Одборот е самостоен во својата работа и одлучува во рамките на својата надлежност врз основа на начелата на стручност и непристрасност.

(2) Одборот во рамките на своите права и обврски:

1. утврдува дали со проектот за основање на високообразовна установа и поднесената документација се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност и го утврдува капацитетот за студирање на високообразовната установа

2. донесува решение за акредитација на проектот за основање на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа,
3. донесува решение за акредитација на проектот за основање на единица на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа,
4. одлучува за акредитација на научна установа за вршење високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус на студии,
5. утврдува исполнетост на условите за организирање на студии за нови студиски програми на високообразовната установа и го утврдува капацитетот за студирање на високообразовната установа,
6. одлучува за акредитација на студиски програми за период од пет студиски години,
7. одлучува за акредитација на ментори на докторски студии,
8. врз основа на извештаите од надворешната евалуација на високообразовните установи, ја следи исполнетоста на условите на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и одобрение за почеток со работа и врз основа на тоа може да ја одземе акредитацијата,
9. донесува решение за одземање на дадена акредитација по спроведена постапка за одземање на правото за вршење на високо-образовна дејност,
10. преку стручните служби на Агенцијата за квалитет во високото образование (во натамошниот текст: АКВО) води евиденција за акредитираните високообразовни установи и за други акредитации која задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет,
11. дава препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност,
12. предлага до Националниот совет Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високо-образовните установи и за акредитација на студиските програми,
13. остварува меѓународна соработка во својата област,
14. изготвува образец за поднесување на проектот за основање на самостојна јавна, приватно-јавна или приватна високообразовна установа,
15. изготвува образец на елаборат за акредитација на студиски програми,
16. врши други работи утврдени со закони со друг пропис.

## II. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА АКРЕДИТАЦИЈА

Член 3

(1) Работата на Одборот за акредитација се заснова на методологија на вреднување на исполнетоста на стандардите и условите утврдени со овој Правилник**,** Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност (во натамошниот текст: Правилник за нормативи и стандарди), Правилникот за содржината на студиските програми, Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации, условите содржани во проектот за основање на самостојна јавна, приватно-јавна или приватна високообразовна установа, односно во елаборатот за акредитација на студиски програми, а со цел обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот на високото образование што опфаќа:

- одобрување, потврдување и признавање на високообразовна установа и на студиски програми, за вршење на високообразовна дејност што се остварува преку системот на акредитација;
- други активности и механизми преку кои се развива и одржува квалитетот на високото образование утврдени со закон и актите на Националниот совет за високото образование и научно-истражувачката дејност.

(2) Постапките за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми се спроведуваат во согласност со стандардите и насоките за обезбедување на квалитетот на Европскиот простор на високото образование во рамките на Европската мрежа за обезбедување на квалитетот на високото образование, што опфаќаат:

1. Институционални политики за обезбедување квалитет на високото образование;
2. Изработка на студиска програма и нејзино одобрувањње;
3. Учење, настава и вреднување насочено кон студентот;
4. Запишување и напредување на студентот, признавање, издавање диплома и/или документ за делумно завршена студиска програма;
5. Наставен кадар;
6. Ресурси за учење и поддршка на студентите;
7. Управување со информации;
8. Јавно информирање;
9. Континуирано следење и периодична евалуација на студиските програми.

## III. СТАНДАРДИ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА

Член 4

(1) Акредитација на високообразовна установа се врши врз основа на поднесен Проект за основање на високообразовна установа, согласно подготвените и усвоени Обрасци за акредитирање на високообразовни установи, кој што содржи податоци врз основа на кои што се утврдува исполнетоста на следниве стандарди:

1. образложение на причините и оправданоста за основање;
2. студиско и научно-истражувачко подрачје, односно уметничка дисциплина за кои високообразовната установа се основа, при што за определувањето на студиското подрачје, односно уметничката дисциплина се користи Меѓународната стандардна класификација на образованието на УНЕСКО (МСКОБ,ISCED) и Националната рамка на квалификации, а при определување на научно-истражувачкото подрачје се користи Меѓународната Фраскатиева класификација;
3. обезбедени просторни услови и опрема за остварување на високообразовната, научната, односно уметничката и стручната дејност во соодветната област;
4. изворот на финансиските средства за вршење на високообразовна дејност и финансиски план со кој се потврдува дека е обезбедено одржливо ниво на финансирање најмалку за еден циклус на студии;
5. обезбеден потребен број лица кои ги исполнуваат условите утврдени за избор во наставно-научни, научни и наставни звања кои дале нотарски заверена изјава дека ќе се пријават на конкурсот и дека ќе засноваат работен однос, ако на конкурс бидат избрани;
6. Условот од ставот (1), алинеја 5 на овој член се смета за исполнет во однос на универзитетот, доколку на универзитетот се вработени лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во работен однос со полно работно време за изведување на најмалку 50% од часовите на настава на студиските програми за кои се бара акредитација (дозвола за работа), а најмалку

10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време на секој од факултетите во состав на универзитетот.

7. Условот од ставот (1), алинеја 5 на овој член се смета за исполнет во однос на самостојната висока стручна школа доколку на самостојната висока стручна школа се вработени наставно-научни, научни и наставни звања во работен однос со полно работно време за изведување на најмалку 50% од часовите на настава на студиските програми за кои се бара акредитација (дозвола за работа), а најмалку 10 наставници во работен однос со полно работно време.

8. план за начинот на кој ќе бидат исполнети другите услови кои се утврдени во Правилникот за стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност кој го донесува Националниот совет.

(2) Условите од ставот (1) на овој член како нормативи и стандарди за основање на самостојна високообразовна установа и вршење на високообразовна дејност поблиску се утврдуваат со Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност .

(3) Проектот за основање универзитет ги содржи податоците од ставот (1) на овој член за сите единици на универзитетот.

(4) За основање на самостојна висока стручна школа треба да бидат исполнети условите за изведување на студиски програми најмалку на првиот циклус на високо образование со траење од три години.

(5) Покрај условот утврден во ставот (1) на овој член, за основање на самостојна приватна високообразовна установа потребно е основачот да приложи неотповиклива банкарска гаранција на прв повик во износ од 25% од школарината за бројот на студентите за кој се бара дозвола за работа (или акредитација) со која ќе гарантира дека ќе ги надомести средствата кои студентите ги уплатиле на високообразовната установа која престанала со работа и другите трошоци кои ќе ги имаат студентите заради префрлањето на студии на иста или слична високообразовна установа во земјата

(6) Кон проектот за основање на високообразовна установа се доставуваат прилози утврдени со Правилникот за нормативите и стандардите.

Член 5

(1) Странска високообразовна установа, на која и е признато правото да врши високообразовна дејност, односно е акредитирана за вршење на високообразовна дејност во земјата во која и е седиштето, врз основа на одобрение од Владата на

Република Северна Македонија, по претходно мислење од Одборот за акредитација на високото образование, може на некој од светските јазици да врши високообразовна дејност на територијата на Република Северна Македонија.

(2) Странска високообразовна установа може да врши високообразовна дејност на територијата на Република Северна Македонија доколку:

1. ги исполнува стандардите утврдени со член 4, член 7 и член 8 од овој Правилник
2. основачот приложи неотповиклива банкарска гаранција на прв повик во износ од 25% од школарината за бројот на студентите за кој се бара дозвола за работа (или акредитација) со која ќе гарантира дека ќе ги надомести средствата кои студентите ги уплатиле на високообразовната установа која престанала со работа и другите трошоци кои ќе ги имаат студентите заради префрлањето на студии на иста или слична високообразовна установа во земјата,
3. постои билатерален договор, склучен меѓу Република Северна Македонија и земјата во која и е признато правото да врши високообразовна дејност

Член 6

Одредбите од овој правилник што се однесуваат за акредитација на проектот за основање на високообразовна установа, соодветно се применуваат и на акредитација за вршење на високообразовна дејност од страна на научна установа.

## IV. СТАНДАРДИ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА

Член 7

(1) Барањето за акредитација на студиска програма се врши преку Елаборат за акредитација на студиска програма, согласно усвоените Обрасци за акредитирање на студиски програми од прв, втор и трет циклус на студии, кој што содржи податоци врз основа на кои се утврдува исполнетоста на следниве стандарди:

1. Основни податоци за студиската програма за која се бара (ре)акредитација:
   а) назив на студиската програма;
   б) студиско подрачје според Меѓународната стандардна класификација на образованието на УНЕСКО (МСКОБ,ISCED) и Националната рамка на квалификации, и научно-истражувачко подрачје, поле и област, каде припаѓа студиската програма

согласно Фраскатиевата класификација и називот и шифрата согласно Националната класификација на занимања од 2015 година;

в) вид на студии (академски, стручни);

г) оптовареност на студиската програма изразена во ЕКТС кредити;

д) степен на образование (прв, втор, трет циклус на студии);

ѓ) цел и оправданост за воведување на студиската програма;

е) години и семестри на траење на студиската програма;

ж) број на студенти што се планира да се запишат на студиската програма;

з) степен или ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите според НРК;

ѕ) академски или стручен назив со кој што студентот се стекнува со завршување на студиската програма на македонски и англиски јазик;

и) јазик на којшто ќе се изведува наставата;

ј) начин на финансирање на предложената студиска програма, а за приватните високообразовни и научни установи и доказ за обезбедена квалитетна финансиска гаранција за студиската програма;

к) услови за запишување на студиската програма посебно за редовни, вонредни и странски студенти;

л) информација за продолжување на образованието.

2. Усогласеност на студиската програма со потребите на општеството за дадениот профил на кадри.
3. Општи дескриптори на квалификации за прв, втор, или трет циклус на студии согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации.
4. Специфични дескриптори на квалификации за прв, втор, или трет циклус на студии согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации.
5. Содржина на студиската програма; Утврден сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни факултетски и универзитетски предмети и дефиниран начин на избор на предметите.

6. Содржина на студиската програма од трет циклус на студии (докторски студии) вклучува:

а. организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви,

б. независен истражувачки проект под менторство (докторски проект),

в. меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој,

г. предавања и друг вид на комуникациски активности,

д. објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд.

7. Список на наставници и соработници од соодветното научно и уметничко поле за изведување на предметните содржини за кои се избираат и квалификациите на наставниците и соработниците за изведување на предметните содржини.
8. Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма.
9. Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма.
10. Информација за бројот студенти (прв пат запишани) на студиската програма во периодот од последната акредитација .
11. Обезбедена задолжителна и дополнителна литература.
12. Информација за веб страницата.
13. Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата.
14. Резултати од изведената самоевалуација.
15. Соодветноста на структурата и содржината на циклусот на студии со општите и специфичните дескриптори.
16. Усогласеноста на теоретската и практичната настава со целите на студиската програма.
17. Усогласеност на студиската програма со единствениот европски простор за високо образование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции.
18. Вредност во ЕКТС кредити на завршната работа на стручните и академските додипломски и постдипломски студии, односно на докторската дисертација на докторските академски студии.
19. Можност за изведување на наставата на странски јазик.
20. Роковите за завршување на предвидените активности од студиската програма.
21. Ментори на докторски или магистерски трудови, за студиските програми од втор и трет циклус.

Член 8

(1) Кон Елаборатот за акредитација на студиска програма се приложуваат следниве документи:

–Прилог бр. 1
Карта на високообразовната установа

–Прилог бр. 2

а) Предлог-одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет на факултетот, Наставничкиот совет на високата стручна школа или Научниот совет на научниот институт;

б) Одлука за усвојување на студиската програма од Универзитетскиот сенат, односно Советот на научната установа;

в) Мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста

–Прилог бр. 3

Предметни програми со информации согласно Правилникот за содржината на студиските програми

–Прилог бр. 4

Податоци за наставниците кои изведуваат настава на студиската програма од прв, втор и трет циклус на студии и за ментори на магистерски и докторски трудови.

–Прилог бр. 5

а) Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по определени предмети од студиската програма.

б) Согласност на Универзитетскиот сенат, односно Советот на научната установа за учество на наставникот во реализација на студиската програма во друга високообразовна установа

в) Согласност на Наставно-научниот совет, односно Научниот советот или Наставничкиот совет за учество на наставникот во реализација на студиската програма на друга единица на Универзитетот.

–Прилог бр. 6

Додаток на диплома.

–Прилог бр. 7

а) Статут на вискообразовната установа – линк до веб страната

б) Извештај од последна самоевалуација – линк до веб страната

–Прилог бр. 8

Копија од Решението за акредитација на високообразовната установа издадено од Одборот за акредитација на високото образование на РСМ, односно издадено од Одборот за акредитација и евалуација на РСМ.

–Прилог бр. 9

Договори за закуп

–Прилог бр. 10

Неотповиклива банкарска гаранција на прв повик – за приватните високообразовни установи

–Прилог бр. 11

М1 и М2 обрасци – за приватните и приватно-јавните високообразовни установи

## V. ПОСТАПКА ЗА АКРЕДИТАЦИЈА

Член 9

(1) Постапката за акредитација е задолжителна за сите високо-образовни установи во Република Северна Македонија

Член 10

(1) Постапката за акредитација започнува со поднесување на барање за акредитација од:

-основачот на високо-образовната установа
-високообразовната установа, односно научната установа
-Министерството за образование и наука на РСМ.

Член 11

(1) Барањето со целокупната документација (проект за основање на високообразовна установа односно елаборат за студиска програма), со цел добивање на акредитација од страна на Одборот за акредитација, потребно е високо образовната институција да:

а) го достави во печатена форма во 2 примерока и во електронска (пдф) форма во 3 примероци на USB мемориски стик, и

б) да направи внес на проектот, односно елаборатот во електронската база на АКВО.

(2) Барањето се поднесува на македонски јазик, односно на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

(3) За акредитација на студиска програма на англиски јазик барањето се поднесува на македонски и на англиски јазик.

(4) Странска високобразовна установа барањето го поднесува на англиски и на македонски јазик.

(5) АКВО ја проверува исполнетоста на бараната документација и доколку барањето е уредно, го проследува до Одборот за акредитација.

(6) По примањето на документацијата АКВО му доставува упатство на предлагачот за внес на податоците во електронската база на АКВО.

Член 12

Високообразовната установа го поднесува барањето за акредитација и притоа гарантира за точноста на податоците во документацијата и дека истите се во согласност со законот и подзконските акти.

## А. Постапка за акредитација на високообразовна установа

Член 13

(1) Барањето за акредитација високообразовна установа го поднесува до АКВО според образец, за поднесување на проектот за основање на самостојна јавна, приватно-јавна или приватна високообразовна установа чија содржина ја утврдува Одборот за акредитација.

(2) Проектот за основање јавна високообразовна установа заедно со Барањето се поднесува до АКВО кој, согласно член 11 став 5, понатаму го доставува до Одборот за акредитација.

(3) Проектот за основање приватна високообразовна установа со прилозите, основачот на приватната високообразовна установа преку министерството надлежно за работите на високото образование го доставува до Владата на Република Северна Македонија на одобрение.

(4) По добиеното одобрение од Владата на Република Северна Македонија, основачот на приватната високообразовна установа проектот за основање, со прилозите, вклучително и одобрението за основање од Владата на Република Северна Македонија го доставува до Одборот за акредитација

(5) По проектот за основање јавна високообразовна установа, Одборот за акредитација дава мислење.

(6) По проектот за основање на приватна или приватно-јавна високообразовна установа, Одборот за акредитација донесува решение за акредитација

## Б. Постапка за акредитација на студиска програма

Член 14

(1) Постапката за акредитација на студиска програма започнува со поднесување на барање од предлагачот и Елаборат за акредитација на студиската програма.

(2) Одборот за акредитација, барањата за акредитација на студиските програми планирани за реализација во наредната академска година, вообичаено ги разгледува доколку се доставени заклучно до 31 јануари во тековната година.

(3) Одборот за акредитација одлучува по барањето откако ќе биде доставена целокупната документација пропишана со овој правилник.

Член 15

(1) Доколку Одборот утврди дека има недостатоци во барањето (непотполна документација или неразбирливо барање), истото ќе го врати до службите во АКВО со напомена дека Одборот не може да започне со постапката поради неисполнетост на условите.

(2) Кога барањето е вратено до АКВО во смисла на ставот (1) од овој член, АКВО ќе се обрати до подносителот на студиската програма за да го корегира своето барање.

(3) Доколку подносителот не го коригира своето барање во согласност со забелешките на Одборот за акредитација ќе се смета дека се откажал од барањето.

(4) Доколку дополнително поднесеното барање е уредно, Одборот за акредитација во рок од 15 дена започнува со постапката за утврдување на исполнетоста на условите за изведување на новата студиска програма.

Член 16

(1) Во текот на постапката за акредитација на студиската програма предлагачот може да се откаже од своето барање со што постапката се прекинува.

(2) Откажувањето од постапката за акредитација предлагачот ја доставува во печатена форма до АКВО.

## В. Стручни комисии

Член 17

(1) За спроведување на постапката за акредитација во рамките на своите надлежности, Одборот за акредитација формира стручни комисии (во натамошен текст: комисија)

(2) Претседателот и членовите на стручната комисијата (рецензентска комисија) за акредитација од соодветно научно-истражувачко подрачје, поле или област ги бира Одборот за акредитација со носење на Одлука за нејзино формирање.

(3) Стручната комисија е составена:

- за акредитација на студиска програма, стручната комисија е составена од најмалку тројца членови, но секогаш во непарен број, од соодветната **научното поле и/или област** за која се однесува барањето за акредитација.
- за акредитација на единица на универзитет, стручната комисија е составена од најмалку пет членови, но секогаш во непарен број, од соодветното **научното подрачје и/или поле** за кои за која се однесува барањето за акредитација.
- за акредитација на универзитет, стручната комисија е составена од најмалку седум членови, но секогаш во непарен број, од соодветното **научното подрачје и/или поле** за кои се однесува барањето за акредитација.

(4) Надворешни стручни лица како членови на стручните комисии може да бидат домашни или странски.

(5) За надворешните стручни лица се користи Листа на рецензенти која ја води АКВО.

(6) Надворешните стручни лица се избираат на еден од следниве начини:

- Врз основа на препораки на Европското здружение на универзитети (ЕУА).
- Врз основа на пријавени професори од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA).
- Преку конкурс за директен повик на можни кандидати од редот на професорите, работодавачите или студентите.
- Преку веб страници на различни меѓународни и домашни професионални здруженија и странски надлежни органи за акредитација во високото образование.

(7) Надворешните стручни лица учествуваат во работата на Одборот за акредитација, без право на глас.

Член 18

(1) Членовите на стручните комисии се обврзани :

- да делуваат независно, стручно компетентно и одговорно;
- да не ги претставуваат и застапуваат интересите на своите матични установи и институции;
- да немаат судир на интереси за што потпишуваат посебна изјава
- да немаат директни врски со реализацијата на студиската програма.

Член 19

Членовите на комисиите мора да ја гарантираат доверливоста на податоците кои се добиени во текот на постапката за акредитација, за што се должни да потпишуваат изјава за доверливост за контрола, заштита и неоткривање на доверливите информации, како и непостоење на судир на интерес, пред да започнат со работа во постапката за акредитација.

Член 20

(1) Стручната комисија го разгледува пристигнатото барање за акредитација, со придружната документација.

(2) По потреба, стручната комисија бара дополнителни информации и материјали од поднесувачот на барањето за акредитација, кои подносителот е должен да ги достави најдоцна во рок од 30 дена

(3) Одборот за акредитација, проектот, односно елаборатот за акредитација може да го врати на доработка најмногу двапати.

(4) (4) Поднесувачот на барањето за акредитација е должен да ги достави дополнетиот проект односно елаборат за акредитација најдоцна во рок од 30 дена.

(5) (5) Стручната комисија подготвува извештај и истиот го доставува на разгледување до Одборот за акредитација.

(6) Врз основа на третиот извештај на стручната комисија, Одборот за акредитација донесува конечно решение за акредитација.

Член 21

(1) Во процесот на одлучувањето стручната комисија особено ќе има предвид:

<u>1.Кај барањата за акредитација на високообразовна установа:</u>

- начинот на кој високообразовната установа ќе ги остварува својата мисија и цели во согласност со Законот за високо образование;
- исполнетоста на материјално- техничките и просторните услови за изведување на наставата;
- усогласеноста на студиските програми кои се предвидува да се реализираат со потребите на општеството за дадениот профил на кадри;
- можностите за обезбедување на соодветни кадри за реализација на студиските програми;
- обезбеденост на условите за истражувачка дејност на наставниците и за вклучување на студентите;

- моделот за самоевалуација, односно процедурите што се предвидуваат за реализација на внатрешна контрола, обезбедување и унапредување на квалитетот на наставата во предложените студиски програми на високо-образовната установа.

2. Кај барањата за акредитација/реакредитација на студиска програма:

- структурата, организацијата и содржината на студиските и предметните програми;
- усогласеноста со целите на студиската програма;
- формалното образование и истражувачкото искуство на наставниците кое кореспондира со специфичноста на студиската програма, односно профилот и квалификацијата на наставно-научниот кадар;
- исполнетоста на материјално-техничките и просторните услови за изведување на наставата;
- методите на предавање и оценување на постигнувањата на студентите;
- активностите и механизмите преку кои се развива и се одржува квалитетот на високото образование;
- научно-истражувачката, односно уметничко-творечката дејност на академскиот кадар и учеството на студентите докторанти во неа;
- соодветноста на предложената литература за совладување на материјата од предметниот наставник;
- обезбеденоста на предложената литература според законски пропишаните барања;
- усогласеноста на студиската програма со потребите на општеството за дадениот профил на кадри;
- соодветноста на структурата и содржината на циклусот на студии со општите дескриптори и на студиската програма со специфичните дескриптори.
- Исполнетост на условите за менторства за втор/трет циклус студии

## Г. Извештај на стручната комисија

Член 22

(1) Стручната комисија му доставува на Одборот за акредитација извештај за акредитација, односно информација за потреба од докомплетирање на проектот односно елаборатот, согласно член 20 од овој Правилник.

(2) Сите членови на стручната комисија треба да бидат потпишани, со што докажуваат дека се согласуваат со мислењето изнесено во извештајот.

(3) Доколку некој член на стручната комисија сака да издвои свое мислење или да додаде нешто повеќе, доставува издвоен извештај, т.е. прилог кон заедничкиот извештај.

(4) Извештај од страна на стручната комисија се издава и за акредитација на ментори од трет циклус на студии.

(5) Извештајот од страна на стручната комисија мора да се достави до Одборот за акредитација најмалку седум дена пред одржување на седницата на Одборот за акредитација.

Член 23

За добивање позитивно мислење за основање на јавна високообразовна установа, акредитација на приватна високообразовна установа и акредитација на студиска програма потребно е да бидат исполнети сите услови предвидени со Законот за високо образование, Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Правилникот за содржината на студиските програми и Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации.

Член 24

Извештајот на стручната комисија содржи три дела:

1) Преглед и анализа на доставената документација;

2) Мислење во однос на исполнетоста на законските услови за акредитација; и

3) Предлог до Одборот за акредитација

Член 25

(1) Прегледот и анализата на доставената документација за акредитација на студиска програма опфаќа оценка на исполнетоста на стандардите од член 7 и член 8 од овој Правилник и условите предвидени со Правиликот за содржината на студиските програми.

(2) Прегледот и анализата на доставената документација заради давање на мислење за акредитација на јавна високообразовна установа или акредитација на приватна високообразовна установа опфаќа оценка на исполнетоста на стандардите од член 4 и член 7 од овој Правилник и условите предвидени со Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност.

(3) Исполнетоста на условите предвидени со Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност се утврдува и со посета на објектите на подносителот.

(4) Мислењето во однос на проектот за вршење на високообразова дејност на јавна високообразовна установа или за вршење на високообразовна дејност од странска високбразовна установа на територијата на РСМ вклучува податоци и оценка дали се исполнети законските услови за вршење високообразовна дејност. Одборот ќе даде позитивно мислење доколку се исполнети сите законски услови. Доколку определени услови не се исполнети се доставува список на неисполнетите услови и проектот се враќа до подносителот за доработка. Проектот може да се врати на доработка само еднаш. Одборот ќе даде негативно мислење доколку законските услови не се исполнети во целост.

(5) Предлогот до Одборот за акредитација може да биде:

1. позитивен - да се даде акредитација;
2. условен – да се даде акредитација со доставување на документи кои недостасуваат, а се наведени во извештајот од стручната комисија;
3. да се врати проектот/елаборатот на доработка и да се постапи по забелешките од стручната комисија
4. негативен – не се усвојува проектот/елаборатот бидејќи не се исполнети законските услови за добивање акредитација.

(6) Извештај на стручна комисија за исполентоста на условите за доделување акредитација за ментор на докторски студии може да биде:

1. да го прифати барањето и да издаде решение за акредитација на професорот/ или
2. да го одбие барањето за акредитација.

Член 26

(1) Претседателот на Одборот за акредитација го става извештајот на стручната комисија како точка на дневен ред на седница на Одборот.

(2) Претседателот на стручната комисија, освен ако комисијата не одреди друг член, реферира по извештајот.

(3) По извештајот и придружната документација се отвора расправа.

(4) Доколку повеќето од половината од вкупниот број на присутни членови на Одборот за акредитација се изјаснат позитивно по извештајот на комисијата, Одборот за акредитација донесува решение.

## Д. Донесување на решение

Член 27

Одборот за акредитација, во однос на точките кои се однесуваат на барањата за акредитација, усвојува извештај од стручната комисија и донесува:

-решение за акредитација на проектот за основање на самостојна приватна и приватно-јавна високообразовна установа;

-решение за акредитација на проектот за основање на единица на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа;

-решение за акредитација на студиски програми од сите три циклуси на студии кои се организираат;

- решение за акредитација на научна установа за вршење високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус на студии;

-решение за акредитација на студиски програми од втор и трет циклус на студии на научната установа;

-решение за акредитација на ментори на докторски студии;

-решение за одбивање на проектот за основање на самостојна приватна и приватно-јавна високообразовна установа;

-решение за одбивање на проектот за основање на единица на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа;

-решение за неисполнетост на условите за акредитација на студиски програми од прв, втор, односно трет циклус на студии;

- решение на одбивање на проектот за акредитација на научна установа за вршење високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус на студии;

-решение за неисполнетост на условите за акредитација на студиски програми од втор и трет циклус на студии на научната установа;

-решение за неисполнетост на условите за акредитација на ментори на докторски студии;

-решение за одземање на дадена акредитација за вршење на високообразовна дејност;

- решение за одземање на дадената акредитација за реализација на студиска програма;

- мислење по проектот за основање на јавна високообразовна установа;

- мислење по елаборат за вршење на високообразовна дејност од странска високообразовна установа.

-

Член 28

(1) Решението за акредитација на проектот за основање приватна или приватно-јавна високообразовна установа Одборот за акредитација го донесува за универзитетот како целина и за секоја единица на универзитетот одделно, односно за самостојната приватна висока стручна школа, најдоцна во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на барањето за акредитација на проектот. Ако тоа го бараат околностите, Одборот за акредитација може да го продолжи рокот најмногу за уште 30 дена, за што го известува подносителот на проектот.

(2) Решението на Одборот за акредитација од ставот 1 на овој член е конечно.

**(3)** Против конечното решение по барањето за акредитација на проектот за основање на приватна или приватно-јавна високообразовна установа од ставот 1 на овој член може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Член 29

(1) Врз основа на извештајот на стручната комисија Одборот за акредитација го донесува решението за акредитација на студиска програма во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на комплетната документација.

(2) Решението за акредитација на студиската програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

(3) Решението за акредитација на Одборот за акредитација се издава за период од пет учебни години.

(4) По добиено решение за акредитација од страна на Одборот за акредитација, Агенцијата за квалитет ја утврдува исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми и донесува решение за почеток со работа.

(5) Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

(6) Извештаите на стручните комисии од Одборот за акредитакција и решенијата за акредитација на студиските програми и решенијата за почеток со работа, целосно се објавуваат на веб страната на Агенцијата за квалитет најдоцна во рок од 15 дена од денот на донесувањето

(7) Во случај на негативно решение подносителот на барањето има право да го достави повторно барањето за акредитација на истата студиска програма најмалку една година по добиеното решение.

Член 30

(1) Одборот за акредитација нема да даде позитивно решение за акредитација ако:

- не се исполнети условите од Законот за високото образование за основање на високообразовна установа, односно за акредитација на студиските програми, и условите од овој Правилник и Правилникот за содржината на студиските програми, Образецот на елаборат за акредитација на студиски програми и Уредбата за нормативите и стандардите;
- нема обезбедено доволно кадар, опрема и информациски услови за реализација на студиската програма;
- наставниот кадар е несоодветен, не е избран според законски пропишаните услови за избор во звање и напредување во кариерата или е ангажиран од други високообразовни установи без дозвола од матичната установа;
- спроведувањето на студиската програма не е поткрепено со доволни финансиски, материјални и технички ресурси;
- високообразовната установа не дава доволно докази дека ќе ја обезбеди наставата;
- барањето содржи неточни податоци кои се важни за добивање на акредитацијата.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

(1) Одредбата од член 17 во однос на надворешни стручни лица ќе започне со примена најдоцна во рок од 30 дена по изготвување на Листата на рецензенти од страна на АКВО. Постапката за изработка на листата на иницијатива на Одборот за акредитација ќе започне од страна на АКВО, најдоцна во рок од 30 дена, од влегување во сила на овој Правилник.

(2) Одредбата од член 7 за основни податоци во однос на Фраскатиевата класификација на научни подрачја, полиња и области, студиското подрачје според ИСЦЕД и називот и шифрата согласно Националната класификација на занимања од 2015 година ќе започнат со примена најдоцна во рок од 30 дена по изготвување на ажурираните клацификации.

Член 32

(1) Овој правилник влегува во сила со објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

(2) Со денот на влегување на овој Правилник престанува да важи Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Сл. Весник, бр. 151 од 30 ноември 2012 година), освен во однос на материјата што ја уредуваат одредбите од овој Правилник  што имаат одложена примена согласно членот 31 од овој Правилник.

Скопје, 24.11.2022

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Националниот совет за високо образование**
**и научноистражувачка дејност**
**проф. д-р Тодор Серафимовски с.р.**

1410-145
25.11.2022